**С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К**
**НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

**01.12.2014 год.**  **Бр.XIV**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.гласник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 26-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 28.11.2014 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 26-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 28.11.2014 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-967/1 од 01.12.2014 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**Ѓорги Дамчески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 28.11.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
***за одобрување на еднократна финансиска помош на Локална акциона група (ЛАГ) „Агро лидер” Кривогаштани***

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува еднократна финансиска помош на Локална акциона група (ЛАГ) „Агро лидер” Кривогаштани, за започнување на почетни и основни активности на здружението.

**Член 2**

Се одобрува Градоначалникот на Општина Крушево, да исплати 20.000,00 денари од Буџетот на Општина Крушево за 2014 година за Локална акциона група (ЛАГ) „Агро лидер” Кривогаштани.

**Член 3**

За начинот на реализација на финансиската помош, ќе се донесе посебно Решение.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-952/3 од 28.11.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на дваесет и шестата седница, одржана на 28.11.2014 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 25-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 29.10.2014 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.07-952/4 од 28.11.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 84, 85 и 85а. од Законот за даноците на имот (“Сл.весник на Р.М” бр.61/04; 92/07; 102/08; 35/11 и 53/11), член 16 од Законот за комунални такси (“Сл.весник на Р.М.” бр.61/04; 64/05; 92/07), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1

точка 27 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 28.11.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
***за извршување на траен отпис на даночни обврски по основ на застареност и стечај***

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши траен отпис на даночните обврски на даночните обврзници во Општина Крушево по основ на застареност и стечајни постапки кај правни лица и трговци поединци.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е списокот на обврзниците на кои треба да им се бришат должните салда и тоа:

-правни лица по основ на комунална такса за фирма во висина од 1.386.099,00 денари и

-трговци поединци по основ на комунална такса за фирма во висина од 227.600,00 денари.

Вкупната вредност на трајниот отпис изнесува 1.613.699,00 денари.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-952/6 од 28.11.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, член 64 и 68 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 28.11.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
***за давање на времно користење на градежна машина-Скип***

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува да се даде на времено користење градежна машина-Скип, сопственост на Општина Крушево на ЈП "Комуна" Крушево

**Член 2**

Градежната машина која се дава на времено користење е сопственост на Општина Крушево, марка JCB тип 3CX, модел 3CX-4 бр.шас.3CX-4/411102, бр.на мотор 618922, жолта боја, година на производство 1994, во исправна состојба.

**Член 3**

Градежната машина опишана во член 2 на оваа Одлука се дава на времено користење за период од 2 (две) години.

**Член 4**

За времето за кое ќе ја користи градежната машина, ЈП "Комуна" Крушево е должна да ги сноси сите трошоци за тековно одржување.

ЈП "Комуна" Крушево е должна да се грижи за совесно и домаќинско користење на возилото.

**Член 5**

Примопредавањето на градежната машина ќе се изврши помеѓу претставници од Општина Крушево и ЈП "Комуна" Крушево, при што ќе се состави записник.

**Член 6**

По престанокот на времето за кое е дадено на користење, градежната машина треба да се предадае на Општина Крушево во исправна состојба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-952/7 од 28.11.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, член 64 и 68 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 28.11.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
***за давање на времно користење на камион за отпад***

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува да се даде на времено користење возило за прибирање, собирање и транспорт на отпад, сопственост на Општина Крушево на ЈП "Комуна" Крушево

**Член 2**

Возилото кое се дава на времено користење е сопственост на Општина Крушево, марка HYUNDAI HD 35 Garbage Truck, бр.шас.KMFGA17HDB0000646, бр.на мотор D4GAA058390, бела боја, во исправна состојба.

**Член 3**

Возилото опишана во член 2 на оваа Одлука се дава на времено користење за период од 2 (две) години.

**Член 4**

За времето за кое ќе ја користи возилото, ЈП "Комуна" Крушево е должна да ги сноси сите трошоци за тековно одржување, вклучувајќи и негово регистрирање.

ЈП "Комуна" Крушево е должна да се грижи за совесно и домаќинско користење на возилото.

**Член 5**

Примопредавањето на возилото ќе се изврши помеѓу претставници од Општина Крушево и ЈП "Комуна" Крушево, при што ќе се состави записник.

**Член 6**

По престанокот на времето за кое е дадено на користење, возилото треба да се предадае на Општина Крушево во исправна состојба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-952/8 од 28.11.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на Р.М." бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12; 119/13; 41/14 и 138/14) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 28.11.2014 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за давање Согласност на Одлуката за зголемување на платите на вработените во ЈП "Комуна" Крушево***

1. Советот на Општина Крушево, дава Согласност на Одлуката за зголемување на платите на вработените во ЈП "Комуна" Крушево бр.02-140/5 од 20.011.2014 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП"Комуна" и Архива на Општина Крушево.

**Бр.07-952/9 од 28.11.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 32 став 2 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009 и 47/2011) и член 21 став 1 точка 4 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 28.11.2014 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2014 год. до 30.09.2014 год.***

1. **СЕ УСВОЈУВА** кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2014 год. до 30.09.2014 год.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-952/10 од 28.11.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 21 став 1 точка 1 и член 93 од Статутот на Општина Крушево ("Службен гласник на Општина Крушево" бр.1/07), расправајќи по Иницијативата на Градоначалникот на Општина Крушево за отпочнување на постапка за дополнување на Статутот на Општина Крушево, бр.01-913/1 од 12.11.2014 година, Советот на Општина Крушево на 26-та седница одржана на ден 28.11.2014 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КРУШЕВО, ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

1. Советот на Општина Крушево ја прифаќа Иницијативата на Градоначалникот на Општина Крушево, за отпочнување на постапка за дополнување на Статутот на Општина Крушево, бр.01-913/1 од 12.11.2014 година.

2. Се задолжува Градоначалникот на Општина Крупшево, по донесувањето на овој заклучок да пристапи кон изготвување на Предлог - Статутарна Одлука за дополнување на Статутот на Општина Крушево, и истата да ја достави на разгледување и одлучување до Советот на Општина Крушево.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Крушево".
**Бр.07-952/11 од 28.11.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.07-928/1 од 18.11.2014 година од Никола Јованоски од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 28.11.2014 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 15.000,00 (петнаесет илјади)** денари по барање бр.07-928/1 од 18.11.2014 година од Никола Јованоски од Крушево, со ЕМБГ 1511962443026.

2. Средствата да бидат исплатени на трансакциска сметка бр.200001368296542 во Стопанска Банка-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.07-952/12 од 28.11.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на Р.М." бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12; 119/13; 41/14 и 138/14) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 28.11.2014 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 28.11.2014 година му предлага на Управниот одбор на ЈП "Комуна" Крушево да ја разгледа можноста за покачување на платите на вработените до 10 % за да послужи како мотивација за поуспешна работа.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП"Комуна" и Архива на Општина Крушево.
**Бр.07-952/13 од 28.11.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1.Заклучок за објавување на актите донесени на 26-та седница на Советот на Општина Крушево ...........................................................1
2. Одлука за одобрување на еднократна финансиска помош на Локалната акциона група (ЛАГ) „Агро лидер" Кривогаштани....... 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 25-та седница на Советот на Општина Крушево ........................................................................ 1
3. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Крушево за 2014 ................................................................ 1
4. Одлука за извршување на траен отпис на даночни обврски по основ на застареност и стечај ................................................................. 2
5. Одлука за давање на времено користење на градежна машина-Скип ..................................... 2
6. Одлука за давање на времено користење на камион за отпад ................................................ 2
7. Заклучок за давање Согласност на Одлука за зголемување на платите на вработените во ЈП „Комуна" Крушево ............................................ 3
8. Заклучок за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2014 година до 30.09.2014 година ............................. 3

9.Заклучок за прифаќање на иницијативата на Градоначалникот на Општина Крушево, за отпочнување на постапка за дополнување на Статутот на Општина Крушево ....................... 3
10. Решение за исплата на финансиски средства за Никола Јованоски ........................................... 4
11. Заклучок за предлог до Управниот одбор на ЈП „Комуна” Крушево ........................................ 4

Редакциски одбор на Општина Крушево.